Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане на седницата одржана на 30.11.2004 година донесе:

# СТАТУТ
## НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ
**(редакциски пречистен текст)[1]**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општина Старо Нагоричане (во понатамошниот текст “Општината”) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на Општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

Подрачјето на Општината е утврдено со Закон и ги опфаќа подрачјата на населените места: Алгуња, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Враготурце, Врачовце, Дејловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Жегљане, Жељувино, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино, Макреш, Малотино, М'гленце, Младо Нагоричане, Никуљане, Осиче, Пелинце, Пузајка, Рамно, Старо Нагоричане, Степанце, Стрновац, Цветишница, Цвиланце, Челопек.

Подрачјето на Општина Старо Нагоричане согласно со Закон ги опфаќа и подрачјата на населените места: Аљинце, Војник, Дренок, Облавце, Орах, Руѓинце и Стрезовце.

Член 3

Граѓаните на Република Северна Македонија кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на Општината се жители на Општина Старо Нагоричане

Член 4

Општината е правно лице.

[1] Редакциски прелчистениот текст на Статутот на Општина Старо Нагоричане ги опфаќа основниот текст на Статутот на Општина Старо Нагоричане објавен во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр. 9/2004, Статутарна одлука за измена на статутот на единицата на локална самоуправа Старо Нагоричане објавена во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.2/2011, Статутарна одлука за дополнување на статутот на единицата на локална самоуправа Старо Нагоричане објавена во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.15/2014 и Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на Општина Старо Нагоричане објавена во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.6/2019.

Член 5

Седиштето на Општината е во Старо Нагоричане.

Член 6

Општината има право на сопственост.

Член 7

Општината има грб и знаме кои се утврдени со одлука на Советот на Општината.

Член 8

Грбот на Општина Старо Нагоричане е во прв план црквата “Свети Ѓорѓи”, а во задницата планината “Козјак” во зелена боја брановидната сина лента што ја симболизира реката Пчиња и бројката 1313 како година на обновување на црквата.

Украсните орнаменти во аглите на грбот ги асоцираат страните на светот како асоцијација на просторната географска крстосница на Општина Старо Нагоричане, горе на грбот стои “Општина”, а долу “Старо Нагоричане”.

Член 9

Знамето на Општина Старо Нагоричане е со доминантна сина боја со црвени рабови, со правоаголна форма каде на средината на знамето е аплициран Грбот на Општина Старо Нагоричане, на долната страна има златно свилени реси, кога знамето се носи на јарбол, а во верзијата кога знамето се носи на копје грбот е свртен за 90 степени и е сместен во средина на знамето а од десната страна на знамето има златно свилени реси.

Член 10

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на Општина Старо Нагоричане и на чии рабови е испишано Република Северна Македонија- Општина Старо Нагоричане”.

Печатот што го употребува Советот на Општината, во вториот ред има натпис “Совет на Општина”.

Печатот што го употребува Градоначалникот, во вториот ред има натпис “Градоначалник”.

Член 11

Празникот на Општината е 11 - ти Ноември.

Член 12

Во Општината се востановуваат општински признанија и награди.

Наградите и признанијата се утврдуваат со посебна одлука.

Член 13

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на Општина, да се здружува во здруженија во согласност со закон.

Член 14

Општината соработува со Општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од

други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници, како и членува во меѓународни организации на локалните власти.

Општината заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од нивна надлежност, може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со закон.

Член 15

Органите на Општината, како и телата на Советот и јавните служби се должни да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој, како и да им овозможат пристап до информациите на начин уреден со овој Статут.

Информирањето за работата на Општината ќе се одвива преку информации од Кабинетот на градоначалникот, преку службите на Општината до средствата за јавно информирање, пресконференции, соопштенија, континуирани информации на ВЕБ страната на Општина Старо Нагоричане и други облици на информирање.

## II НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 16

Општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 17

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежно земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;
3. Локален економски развој, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставување и развој на локалната мрежа на институциите и агенциите и промовирање на партнерството;
4. Комунални дејности во смисла на снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст и технолошки отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, одржување на гробовите, гробиштата и давање на погребни услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на сообраќајниот режим, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, отстранување на непрописно паркирани возила, отстранување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови, определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;
5. Култура, во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски активности и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт како и поддршка на спортски сојузи;
7. Социјална заштита и заштита на деца во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа, со воспитно социјални проблеми, со посебни потреби, од едно родителски семејства и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст;
8. Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со

законот, како и организирање на превоз и исхрана на учениците и нивно сместување во ученичките домови;

9. Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравства и организации, објекти од примарна здравствена заштита во кои Општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области определни со закон;
10. Спроведување на подготовки и преземање на мерки за одбрана, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи како и од последици предизвикани од нив;
11. Против-пожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица;
12. Надзор над вршењето на работи од надлежност на Општината;
13. Други работи определни со закон.

Член 18

Работите од член 17 на овој Статут, се уредуваат со прописи на Советот на Општината во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од членот 17 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува Општината ќе бидат определени со посебните закони и национални програми.

Член 19

Работите кои не се исклучени од надлежност на Општината или не се во надлежност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на Општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

## III ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Член 20

Органи на Општината се: Совет на Општината и Градоначалникот на Општината (во понатамошен текст: “Совет” и “Градоначалник “).

### 1.СОВЕТ НА ОПШТИНА

Член 21

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 9 (девет) членови - претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4(четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

Член 22

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседател на Советот од претходниот состав, најдоцна во рок од 20 дена, од денот на завршување на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од став 1 на овој член, членовите на Советот сами се состануваат и по претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 дена, по истек на рокот од став 1 на овој член.

Ако седницата не се одржи во рок од став 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членови на Советот, на начин утврден со закон.

Член 23

Новоизбраните членови на Советот на конститутивната седница даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

“Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, Законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија”..

Член 24

Советот на Општината избира претседател од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 (четири) години.

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот на Општината, се грижи за организацијата и работата на Советот и ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради нивното објавување.

Член 25

Советот на Општината ги врши следните работи:

1. Го донесува Статутот на Општината и други прописи,
2. Го донесува Деловникот на Советот,
3. Донесува Програма за работа на Советот,
4. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината,
5. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на Општината, во рамките утврдени со закон,
6. Донесува Генерален урбанистички план на Општината,
7. Донесува Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено место во Општината,
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште,

9. Донесува Програма за одржување на сообраќајна сигнализација,
10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот,
11. Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националната програма,
12. Донесува Програма за изградба на и одржување на локалните патишта и улици,
13. Донесува Програма за јавно осветлување,
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи,
15. Донесува Програма за одржување и чистење на парковите и други јавни површини од локално значење,
16. Го уредува одржувањето на гробиштата,
17. Донесува Програма за регулација, одржување и користење на речни корита во урбанизирани делови,
18. Донесува Одлука за јавна чистота,
19. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај,
20. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење,
21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта,
22. Го уредува начинот на чистење на оџаците,
23. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење,
24. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот,
25. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа,
26. Именува членови во управните одбори и на одборите за контрола на материјално финансиското работење на јавните служби кои ги основа,
27. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основа,
28. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење во согласност со закон,
29. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала,
30. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината,
31. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на Општината во согласност со законот,
32. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со закон,
33. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на Општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител, може да дава препораки на раководното лице на Подрачната едниница на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот,
34. Го избира и разрешува претседателот на Советот,
35. Формира постојани и повремени комисии,
36. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и природните богатства на подрачјето на Општината,
37. Доделува општински признанија и награди,
38. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на Општината,
39. Врши други избори и именувања од своја надлежност,
40. Донесува други одредби за работите од своја надлежност,
41. Врши и други работи.

Член 26

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се јавни.

За исклучување на присуството на јавноста се одлучува, ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

На расправата за Буџетот на Општината, Годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 27

Советот може да работи на седницата ако присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

Советот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број членови на Советот, ако со Статутот не е предвидено посебно мнозинство.

Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на Општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на

Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината.

Гласањето на седниците на Советот е јавно, освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да е тајно.

Член 28

Статутот, Буџетот, Годишната сметка на Буџетот и Деловникот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 29

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива на барање на Градоначалникот или на барање од најмалку една четвртина од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен со ставот (2) на овој член, претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со Статутот.

Член 30

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и слично) и при посета на делегација или висок функционер од друга земја кога истите сакаат да се обратат на членовите на Советот.

Член 31

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање на најмалку една третина од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за седницата со предложениот дневен ред се доставува на Советот на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување без материјална расправа.

Член 32

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на Советот и неговите постојани или повремени комисии.

Членовите имаат право на седницата на Советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на Градоначалникот.

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажаното мислење или за гласање во Советот.

Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или на комисиите во кои е член.

Членовите на Советот имаат и други права и должности утврдени со Статутот и други прописи.

Член 33

Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или поднина до втор степен странична линија има финнсиски или друг интерес.

Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

Членот на Советот не може да биде вработен во Општинската администрација на Општината во која е избран.

Со денот на вработувањето согласно став 3 на овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

Членот на Советот вработен во јавните служби кои ги основала Општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

Член 34

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

- ако поднесе оставка,
- во случај на смрт,
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривични дело на казна затвор, во траење над 6 месеци,
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на Советот согласно со Законот за локалните избори,
- ако со правосилно решение биде лишен од деловната способност и
- ако престане да биде жител на Општината.

Советот на првата наредна седница ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на Советот и тоа:

- Во случаи од ставот1, алинеја 1 од денот на одржувањето на седницата и
- Во Случаите од ставот 1, алинеја 2,3,4,5 и 6 со денот на исполнувањето на условот.

На членот на Советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од три седници на Советот по ред.

За оправданоста на отсуството од ставот 3 на овој член одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 35

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Составот и времетраењето на мандатот на повремените комисии ќе се определи со одлуката за нивното формирање.

Член 36

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој,
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата,
- Комисија за општествени дејности,
- Комисија за Статут и прописи,
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања,
- Комисија за месна самоуправа,
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија,
- Комисија за односи меѓу заедниците.

Комисиите се составени од 3 (три) члена на Советот, со соодветна стручност за одредена област за која е формирана комисијата, освен Комисијата за односи меѓу заедниците која е составена од 5 члена од кои 2 се членови на Советот на Општината.

Член 37

Комисиите на Советот на Општината:

- расправаат по прашања од областа за која се формирани,
- даваат мислења и предлози до Советот,
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Член 38

Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на Општината, Буџетот и Годишната сметка, како и планирањето на локалниот економски развој.

Член 39

Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата, ги разгледува прашањата од урбанистичко планирање, разгледување на Генерален урбанистички план и друга урбанистичка документација, прашањата од работата на јавните служби, комунално уредување на градот и населените места во Општината како и прашања од областа на заштита и унапредувањето на животната средина и природата.

Член 40

Комисија за општествени дејности ги разгледува прашањата во надлежност на Општината, а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот како и противпожарната заштита.

Член 41

Комисија за Статут и прописи го утврдува Нацртот и Предлогот на Статутот на Општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот, ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува Нацртот и Предлогот на Деловникот на Советот.

Подготвува предлог мислење по предлог законите кои се однесуваат на Општината.

Разгледува и други општи акти во надлежност на Советот на Општината.

Член 42

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања разгледува и подготвува прелози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања.

Разгледува и подготвува предлози за избор, именување и разрешување од надлежност на Советот на Општината.

Определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица.

Дава предлог за висина на надоместокот за патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општината, како и за трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на Општината.

Претседателот и членовите на комисијата ги избира Советот на Општината на својата прва седница.

Член 43

Комисија за месна самоуправа ги разгледува, насочува и координира прашањата и проблемите што се од значење за работата и делувањето на месните заедници и на другите облици на месна самоуправа во Општината.

Член 44

Комисија за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија ги разгледува прашањата во врска со одбележувањето на празниците и манифестациите од значење на Општината и врши доделување на признанија и награди согласно одлуката на Советот.

Член 45

Комисија за односи меѓу заедниците, ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во Општината и дава мислења и предлози за начините на нивно решавање.

Советот на Општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од ставот (1) на овој член и да одлучи во врска со нив.

Член 46

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на Општината, на прелог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на Општината ќе бидат пропорционално застапени во вкупниот број на членови во сите комисии.

Член 47

Начинот на работата на комисиите поблиску се утврдува со Деловникот на Советот на Општината.

## 2. ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА

Член 48

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Член 49

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1. Ја претставува Општината,
2. Ја контролира законитоста на прописите на Советот,
3. Ги објавува прописите на Советот во службеното гласило на Општината,
4. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот,
5. Го обезбедува извршувањето на работите кои што со закон и се делегирани на Општината,
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот,
7. Го предлага годишниот Буџет и Годишната сметка на Буџетот на Општината,
8. Го извршува Буџетот на Општината,
9. Избира директори на јавните служби кои ги основала Општината, врз основа на јавен конкурс,
10. Редовно го известува Советот за извршување на своите надлежности во согласност со Статутот,
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон,
12. Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација,
13. Раководи со општинската администрација,
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон,
15. Обезбедува правилно и законско користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината во согласност со законот и Статутот, и
16. Врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава во управните работи, како и да потпишува акти.

Член 50

Градоначалникот со заклучок ги објавува прописите на Советот во “Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

Градоначалникот го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот.

Член 51

Ако Градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законот должен е во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот на Општината.

Член 52

Советот е должен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението да го разгледува и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот или не расправа во рокот од ставот 1 од овој член Градоначалникот е должен да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Северна Македонија.

За иницијативата Градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Член 53

Градоначалникот редовно го извесува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот.

Член 54

Новоизбраниот Градоначалник ја презема должноста од претходниот градоначалник во рок од 7 (седум) дена од денот на изборот.

За време на вршењето на функцијата Градоначалникот не може да врши друга професионална дејност.

Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење во Советот.

Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случај на спреченост или отсуство.

Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата Градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој ќе го заменува.

Решението од став 5 на овој член се објавува во “Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

За време на настапувањето на спреченост или отсуството Градоначалникот го информира претседателот на Советот.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

Претседателот на Советот не може да го заменува Градоначалникот.

Платата и надоместоците на Градоначалникот како и надоместокот на членот на Советот кој го заменува Градоначалникот се уредуваат со закон.

Член 55

Градоначалникот не може да биде именуван за член во надзорни, управни и контролни органи на трговските друштва и јавни служби.

Градоначалникот не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или негов брачен другар, деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Градоначалникот е должен да го информира Советот за интересот од став 2 на овој член.

Во случаите од ставот 2 на овој член одлучува еден од членовите на Советот избран на начин на кој се избира претседателот на Советот.

Член 56

На градоначалникот му престанува мандатот по сила на закон:

- ако поднесе оставка,
- во случај на смрт,
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор, во траење од 6 месеци,
- ако настапи случај на неспојливост на вршење на функцијата согласно со Законот за локалните избори,
- ако со правосилно решение биде лишен од деловната способност,
- во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 месеци и
- ако престане да биде жител на Општината.

За оправданоста на отсуството од став 1 алинеја 6 на овој член одлучува Советот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Членот на Советот кој го заменува градоначалникот во рок од 15 дена од денот на настанување на еден од случаите од став 1 на овој член е должен за тоа да го извести министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од став 3 на овој член ја известува Владата на Република Северна Македонија која во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето констатира дека настапил еден од случаите од став 1 на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за градоначалник во согласност со законот.

Советот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Одлуката на Владата од ставот 4 на овој член ќе избере еден од членовите на Советот кој ќе ја врши должноста на градоначалникот за период до изборот на нов градоначалник, на начин на кој се избира претседателот на Советот.

На членот на Советот му мирува функцијата член на совет за време на должноста градоначалник во согласност со став 5 на овој член.

Изборите од ставот 4 на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од 6 месеци.

**Совет за заштита на потрошувачите**

Член 57

Советот на Општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него може да формира совет за заштита на потрошувачите.

Член 58

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 (седум) члена, од кои 3 (три) члена се избираат од редот на правните лица и 4 (четири) члена од редот на физичките лица, како корисници на услугите што го даваат јавните служби.

Членовите на совет за заштита на потрошувачите ги избира Советот на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години, со можност повторно да бидат избрани.

Член 59

Советот за заштита на потрошувачите ја прати состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислење и предлози за подобрување на квалитетот на услугите, организира јавни трибини, соработува со јавните служби и општинската администрација.

## IV ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 60

За извршување на работите во надлежност на органите на Општината се формира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во одделенија преку извршители со права, должности и одговорности утврдени во законот и кои за својата работа одговораат пред Градоначалникот.

Во Општината се организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

Организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на градоначалникот.

Член 61

Вработените во општинската администрација, кои вршат стручни, нормативно - правни, извршни, управно - надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно - технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 62

Општинската администрација:

1. Ги подготвува актите на Советот и градоначалникот,
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии,
3. Врши стручни работи за Советот и градоначалникот,
4. Го води сметководството на Општината,
5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање,
6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон.
7. Ракува со документите на Општината, и ги чува се до нивното уништување односно предавање во Државниот архив на Република Македонија,
8. Врши и други работи што ќе & ги определи Советот и градоначалникот.

## V. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Општи акти

Член 63

Статутот е основен акт на Општината со кој се уредуваат основните прашања во врска со надлежноста и организацијата на Општината и други прашања од значење на Општината.

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како: Нацрт - Статут и Предлог - Статут.

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број членови од Советот на Општината.

Член 64

Советот на Општината донесува Деловник на Советот, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

Член 65

Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на Општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на Општината.

Член 66

Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење од надлежност на Општината.

Со одлука на Советот на Општината се основа општинска администрација и се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби.

Со одлука Советот уредува и други прашања од своја надлежност.

Член 67

Советот донесува заклучоци кога разгледува поодделни извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на Општината.

Член 68

Постапката за донесување на општи акти се уредува со Деловникот на Советот на Општината.

Општите и другите акти се објавуваат во “Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

Општите акти стапуваат во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето, и по исклучок што го утврдува Советот на Општината со денот на објавувањето.

### б) Поединечни акти

Член 69

Советот и градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именување и други решенија од своја надлежност.

Градоначалникот на Општината донесува решение.

Член 70

Градоначалникот на Општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите да ги објави во “Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

Член 71

За објавените акти се води посебна збирка.

Збирката може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

## VI. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

### а) Граѓанска иницијатива

Член 72

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на Општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност.

Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијативата на граѓаните доколку истата е подржана од најмалку 10 проценти од избирачите на Општината.

Подршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За решенијата по поднесената иницијатива, Советот ги информира граѓаните.

Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

### б) Собир на граѓани

Член 73

Собир на граѓани свикува градоначалникот по своја иницијатива на барање на Советот или на барање на најмалку 10 проценти од избирачите на Општината, односно на месната самоуправа на кое се однесува определеното прашање.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата Општина или за подрачјето на месна самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика Собир на граѓани на барање на најмалку од 10 проценти од избирачите во Општината или месната самоуправа за која се однесува определено прашање.

Барањето за свикување Собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на Собирот на граѓаните се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на Собирот на граѓаните до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5(пет) дена.

Член 74

На Собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалник или лице овластено од него.

За прашања за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

Член 75

Заклучоците донесени на Собирот на граѓани, органите на Општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат во предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

### в) Референдум

Член 76

Референдум може да распише Советот на Општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20 проценти од избирачите на Општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на Општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните на Општината.

Член 77

По барањето за распишување на референдум Советот на Општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува одлука за распишување на референдум.

Одлуката за распишување на референдум ги содржи предметот на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 78

Одлуката за распишување на референдум се објавува во службеното гласило и другите средства за објавување во Општината.

Од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена, ниту повеќе од 60 дена.

Член 79

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот.

Член 80

Комисијата за спроведување на референдумот:

- Го определува времето на гласање,
- Врши технички подготовки за спроведување на референдумот,
- Ги определува гласачките места,
- Ги утврдува резултатите од гласањето и
- Се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 81

За спроведување на гласањето за референдумот комисијата за гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја спроведуваат правилноста и тајноста на референдумот.

Член 82

Времето на гласањето мора да се определи така што да им овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 83

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласањето.

Член 84

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 85

На референдумот се гласа само со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и надвосмислено така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со "ЗА" или "ПРОТИВ" предлогот.

Член 86

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ".

Кога на раферендумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ" од алтернативата за која гласа.

Член 87

По завршувањето на гласањето одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа се составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составување на записникот, одборот доставува извештај од Комисијата за спроведување на референдумот.

Член 88

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на применоит гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на Општината.

Член 89

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не нможе повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на референдумот.

**г) Претставки и предлози**

Член 90

За работа на органите на Општината и општинската администрација, граѓаните имаат право поединечно или заеднички со другите да доставуваат претставки и предлози.

Член 91

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до градоначалникот.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 92

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесување на претставка, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 93

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на потребата на правото на подносителот или повредата на јавните интереси.

Член 94

Градоначалникот на Општината е должен најдоцна во рок од 60 денаод денот на приемот на претставката, односно предлогот на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на Општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот орган и за тоа го известува подносителот

**д) Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата**

Член 95

Органите на Општината, при донесувањето на прописи од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавната трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби ( водоснабдување, одржување на јавна чистота,

одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење.

Анкетата се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирање на предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот еден на овој член ќе се уреди со одлука донесена од органот кој ја организирал.

Член 95-а

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Старо Нагоричане по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на Градоначалникот.

## VII. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 96

Сопственоста на Општината ја сочинуваат подвижни и неподвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста Општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните или со нивно учество на друг начин од подароци и по други основи.

Член 97

За купување и оутѓување на сопственоста на Општината одлучува Советот на Општината.

Отуѓување на сопственоста на Општината се врши само по пат на јавно надавање, согласно закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажба на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојни ствари во сопственост на Општината.

Член 98

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

Член 99

Стварите во сопственост на Општината може да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно надавање, во согласност со закон.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

Член 100

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори на приходи утврдени со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 101

Приходите и трошоците на Општината се утврдуваат со Буџетот на Општината.

Буџетот на Општината содржи биланс на приходите и трошоците на Буџетот, а се однесува за фискална година од 12 месеци која почнува од 1 јануари, а завршува на 31 - ви декември, од секоја календарска година.

Член 102

Предлогот на Буџетот на Општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на Општинта за донесување не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на Општината не може да го разгледува предлогот на Буџетот на Општината пред истекот на 20 дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на Општината.

Член 103

За секоја промена на Буџетот на Општината, за дополнителни усвоени трошоци пропратени со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ, одлука донесува Советот на Општината.

Член 104

За покривање на непредвидените барања за трошоци што ќе се појават на буџетската година од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на Општината по предлогот на градоначалникот на Општината.

Советот на Општината може да го овласти градоначалникот за начинот на користење на буџетска резерва.

Член 105

Доколку Буџетот на Општината за наредната година не биде донесен до 31- ви декември во тековната година, ќе се постапи согласно со Законот

за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 месеци.

Член 106

На крајот на секоја фискална година се изготвува Годишна сметка на Буџетот на Општината.

Годишна сметка на Буџетот, Советот на Општината треба да ја усвои најдоцна до 31 - ви март во тековната година, за претходната година.

Член 107

Извршувањето на Буџетот на Општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со Одлуката за извршување на Буџетот на Општината.

## IX. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

Член 108

Граѓаните во Општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 109

Во Општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градот, урбани заедници и во другите населени места - месни заедници.

Член 110

Обликот на месната заедница се основа во градот за урбана единица согласно урбанистичкиот план, а за останатите населени места на катастарската општина на населеното место.

Член 111

Иницијативата за основање на облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10 проценти од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 112

Иницијатива за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијатива за основање се доставува до Советот на Општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

Член 113

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Член 114

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- заштита на животната средина и природата,
- покренување на иницијатива за уредување на просторот,
- организирање на културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на Општината, за прашања од образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 115

Работите од членот 114 од овој Статут се финансираат од:

- средства кои што Општината им ги отстапи на облиците на месната самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој,
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат,
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица,
- средства од надоместокот на услуги и
- подароци и други средства.

Член 116

Орган на облиците на месната самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена во зависност од бројот на жителите на обликот на месната самоуправа.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 117

Одлука за распишување на избори на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Градоначалникот на Општината во рок од 30 дена.

Доколку и во рок од наредните 30 дена од било кои причини не се спроведе изборната постапка, на Советот од претходниот состав му престанува мандатот.

Член 118

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од присутните граѓани на собирот.

Член 119

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску се уредува со Правилата за работа на обликот на месната самоуправа.

Член 120

За избрани членови на Советот се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 121

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Советот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа, како и програма за работа, по претходно мислење на Советот на Општината.

Член 122

Градоначалникот на Општината, се решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 123

Општинската администрација ги врши стручните, административно - техничките и сметководствено финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

Контрола над финансиското работење на обликот на месната самоуправа врши Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој.

## X. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Член 124

Грбот и знамето на Општината се утврдуваат со одлука на Советот на Општината.

За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот на Општината распишува конкурс и формира комисија.

Член 125

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на Општината и го доставува до Советот на Општината на усвојување.

Член 126

Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грбот, односно знамето на Општината е составен дел на Статутот на Општината.

Член 127

Грбот на Општината се употребува во состав на печатот на Општината.

Грбот на Општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и градоначалник на Општината.

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на Општината на физички и правни лица ако оцени дека е во интерес на Општината.

Член 128

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Општината и на видни места во Општината.

Знамето на Општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана Општината.

Член 129

Грбот и знамето на Општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XI. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 130

Иницијатива за оцена уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерството и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на Општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот, односно Градоначалникот на Општината до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Член 131

Градоначалникот има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на Општината и се попречува вршењето на дадените надлежности со Устав и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Северна Македонија..

## XII. СЛУЖБЕНИ ЈАЗИЦИ ВО ОПШТИНАТА

Член 132

Во Општината службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во Општината службен јазик покрај македонскиот и неговото кирилско писмо е и јазикот и писмото кој го користат најмалку 20 проценти од жителите на Општината.

Натписите на културните и образовните установи кои единствено служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на националностите во Општината, покрај на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо се пишуваат и на јазикот и писмото на српска националност.

Имињата на населените места, натписите на јавните служби, установи и претпријатија се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и писмото на српска националност, кое е во значителен број ако така одлучи Советот на Општината.

За употреба на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20 проценти од жителите на Општината одлучува Советот на Општината.

## XIII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 133

Измени и дополнувања на Статутот на Општината можат да предложат најмалку една половина од членовите на Советот на Општината, Градоначалникот на Општината или најмалку 10 проценти од избирачите на Општината.

Член 134

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 135

Измените на Статутот на Општината се донесени ако за нив гласале мнозинството од членовите на Советот на Општината.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 136

Одредбите на членовите 12, 13, 14 и 41 од Статутот на Општина Старо Нагоричане (Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.1-9/97) ќе продолжат да се применуваат се до донесување на посебните закони.

Член 137

Одредбите на членовите 2 став 2, 21, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48 став 2, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122 и 123 од овој Статут ќе влезат во сила на наредните локални избори.

Член 138

Постојните месни заедници продолжуваат со работа со истите надлежности, права и обврски до наредните локални избори.

Член 139

Актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места ќе се донесат во рок од 3 (три) месеци по донесувањето на овој Статут.

Од денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општина Старо Нагоричане број 07 - 48/8 од 13.06.1997 година објавен во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.1-9/97.

Член 140

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавувањето во “Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

Совет на Општина Старо Нагоричане
Претседавач
Ивица Ристовски